**20110471303**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО БАТЕРИИ И АКУМУЛАТОРИ И ОТПАДНИ БАТЕРИИ И АКУМУЛАТОРИ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 6 април 2011 година.

Бр. 07-1880/1 — Претседател
6 април 2011 година — на Република Македонија,
Скопје — **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО БАТЕРИИ И АКУМУЛАТОРИ И ОТПАДНИ БАТЕРИИ И АКУМУЛАТОРИ**

Член 1

Во Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори (“Службен весник на Република Македонија“ број 140/10), по членот 44 се додава нов член 44-а, кој гласи:

“Член 44-а

Постапување по пријава од физичко или правно лице

(1) Државните инспектори за животна средина, овластените инспектори за животна средина на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, комуналиите инспектори на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје и државните пазарни инспектори, се должни во рок од седум дена да постапат по иницијатива или пријава за поведување на инспекциска постапка.

(2) Во случаите од ставот (1) на овој член државните инспектори за животна средина, овластените инспектори за животна средина на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, комуналиите инспектори на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје и државните пазарни инспектори, се должни да го известат подносителот на иницијативата или пријавата за поведување на инспекциска постапка во рок од седум дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.“

Член 2

Во членот 46 ставот ( 4) се менува и гласи:

„Жалба против решението на државниот инспектор за животна средина, може да се изјави во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Комисијата за одлучување по жалба формирана согласно со Законот за животната средина.“

Член 3

Во членот 48 ставот (4) се менува и гласи:

„Жалба против решението на овластениот инспектор за животна средина на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје и комуналните инспектори на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, може да се изјави во рок од осум дена од денот на приемот на решението до комисијата за одлучување по жалба на општината, општината во градот Скопје и на градот Скопје формирана од страна на градоначалникот на општината, општината во градот Скопје и на градот Скопје согласно со Законот за животната средина.“

Член 4

Во членот 49 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) За одземените предмети од ставот (2) точка 3 на овој член Државниот пазарен инспекторат постапува согласно со Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка.“

Член 5

Во членот 50 ставот (2) се менува и гласи:

„Жалба против решението на државниот пазарен инспектор може да се изјави во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Комисијата за одлучување по жалба формирана согласно со Законот за Државен пазарен инспекторат.“

Член 6

Во членот 51 по зборовите: „Законот за управување со отпад“ се става запирка и се додаваат зборовите: „Законот за инспекцискиот надзор“.

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе започне да се применува со започнувањето на примената на Законот за инспекцискиот надзор.